25261

11634

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Четврток 14 јуни 1979 год. ● стр. 9

### ДЕНОВИВЕ ВО КУЌАТА НА ШКАПЕРДА ВО СКОПЈЕ

# ОТКРИЕНА ФРЕСКА НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ

**НА КОНЗЕРВИРАЊЕТО НА „ШУМАДИСКАТА ИДИЛА“, ИЗРАБОТЕНА ВО 1933 ГОДИНА ВО ЕДЕН ХОДНИК, ЛЕВО ОД ГЛАВНИОТ ВЛЕЗ НА КУЌАТА, РАБОТИ ЕКИПА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ПОД РАКОВОДСТВО НА М-Р ЈОВАН ПЕТРОВ. — ФРЕСКАТА Е НАЈДЕНА ПОД ШЕСТ СЛОЕВИ БОЈА, ТАБЛА И ОГЛЕДАЛА**

**ЕДНА ОД ФРЕСКИТЕ** на **Никола Мартиноски** за која се знаеше дека се наоѓа на еден од ѕидовите во куќата на Михајло Шкаперда во Скопје, е откриена и со нејзината конзервација веќе е дојдено до крајната фаза.

Иницијативата за овој потфат е на Републичкиот завод за заштита на споменициte на културата, чија е и конзерваторската екипа што работи на откривањето и зачувувањето на „Шумадиската идила“, едно од релативно малкуте дела на Мартиноски од областа на ѕидното сликарство за кои судбината, забот на времето, ударите на природната стихија и небрежноста и неразбирањето на човекот направија да бидат во најголем дел уништени.

За постоењето на двете фрески што Мартиноски ги изработил во 1933 година во куќата на Шкаперда, сведочат еден текст во весникот „Вардар“ од 13 април 1933 година (со репродукции на двете фрески), усните соопштенија на авторот и Дамница Петковска, ќерката на Шкаперда. Од овие факти всушност и се тргна во откривањето на фреските, за што вчера го замоливме да ни говори **м-р Јован Петров** кој раководи со работата на конзервацијата на штотуку откриената „Шумадиска идила“. Нему му помагаат двајца техничари, сликарите — конзерватори **Драган Верговски** и **Ѓорѓе Цветковиќ**.

— Почнавме со работа кон крајот на минатиот месец. На местото на кое се претпоставуваше дека се наоѓа фреската, до пред почетокот на работите, имаше огледала, под нив табла, а под неа 6—7 мрсни слоеви боја — ни рече Петров. Хемиската лабораторија при Заводот изврши анализа за симнување на овие мрсни слоеви од фреско-живописот. Симнувањето на бојата го вршевме внимателно, сантиметар по сантиметар. Сега фреската е комплетно откриена и се врши дочистување на последните слоеви што се врз фреско-живописот. Фреската е доста оштетена па затоа ќе се извршат повеќе конзерваторски зафати за да го добие првобитниот изглед. Што се однесува до другата фреска на Мартиноски во оваа куќа, „Македонската идила“, ако е точно дека се наоѓа на спротивниот ѕид, тогаш треба да се очекува дека е сочувана само во еден дел. Најверојатно, нејзината десна половина е уништена.



**Конзервирањето на „Шумадиската идила“ на Мартиноски во последна фаза**

Како што е познато, овие фрески се првите реализации на Мартиноски од серијата остварувања од ваков вид, на кои работел од 1933 до 1937 година. Во натамошното творештво тој не им се навраќал повеќе. Од таа причина и откривањето на „Шумадиската идила“ е значајно за согледувањето на карактеристиките на творештвото на овој голем македонски уметник од предвоениот период.

**С. Ѓуровска**